РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 2555/1
30-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 37 - та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со бр. 09-2046/1 од 29.07.2025 година против лицето ----------, министер за -------, **СЕ ОТФРЛА**.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2045/1 од 29.07.2025 година, е оформен врз основа на пријава од непознат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, со наводи дека лицето ---------, министер за здравство ја назначил --------, сопруга на негов прв братучед за директор на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „ ----------- " ----------.

Заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите во пријавата, ДКСК направи проверка во податоците од Дистрибутивниот систем на Централен регистер на РСМ, Тековната состојба и во Историјатот на промени на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство -------------- „ ------- " ---------- и е утврдено дека за ВД директор на истата институција е назначено лицето ------------, со Решение за именување на вршител на должноста директор со бр. 17-7925/1 од 31.07.2025 од 05.07.2024 година, донесено од Министерство за ----- на РСМ, а подоцна со Решение за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

именување за вршител на должноста директор, со број 11-1427/1 од 29.01.2026 година е именувано лицето ---------.
Видно и од Историјатот на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „--------“ -------- е утврдено дека лицето ----------, не е и воопшто не било именувано за директор на истата институција.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 29.07.2026 година одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. – член на ДКСК